**20151945375**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ - СВЕТСКА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ВТОРИОТ ПРОЕКТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ

Се прогласува Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка по Договорот за заем за вториот проект за подобрување на општинските услуги,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 6 ноември 2015 година.

Бр. 08-5227/1
6 ноември 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ-СВЕТСКА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ВТОРИОТ ПРОЕКТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка со заем во износ од 25.000.000 евра, наменет за реализација на Вториот проект за подобрување на општинските услуги.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон, се утврдуваат со Договор за заем за Вториот проект за подобрување на општинските услуги, кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка.

Во име на Република Македонија, Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 18 години, со вклучен грејс период од пет години.

Каматната стапка е шестмесечен ЕУРИБОР со варијабилен распон.

По потпишувањето на Договорот за заем од членот 2 став 1 од овој закон, Република Македонија ќе и плати на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка еднократна провизија во износ од 0,25% од износот на заемот.

Република Македонија ќе и плаќа на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка провизија во износ од 0,25% од неповлечениот дел од заемот на годишно ниво.

Заемот ќе се отплаќа на 26 полугодишни рати. Почнувајќи од 15 март 2021 година до 15 март 2033 година ќе се отплатат 25 полугодишни рати секоја во износ од 3,85% од износот на заемот, додека на 15 септември 2033 година ќе се отплати последната рата во износ од 3,75% од износот на заемот.

Член 4

Корисници на средствата од заемот од членот 1 од овој закон се општините, општините во градот Скопје и градот Скопје кои ги исполнуваат условите за задолжување согласно со Законот за јавен долг и Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа.

Член 5

За регулирање на правата и обврските меѓу Република Македонија и корисниците на средствата на заемот од членот 4 од овој закон, Министерството за финансии ќе склучи посебни договори за заем.

Член 6

Република Македонија, заемот од членот 1 од овој закон ќе го отплаќа од средствата кои ќе се прибираат со отплатата на позајмените средства од корисниците на средствата од заемот од членот 4 од овој закон согласно со посебните договори за заем од членот 5 од овој закон и од Буџетот на Република Македонија.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.